МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

# НАЦИОНАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА И СПРЕЧУВАЊЕ ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

2015-2020

Скопје, 2014 година

**СОДРЖИНА**

**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ**

**ВОВЕД**

1. **СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**
2. **НАЦИОНАЛНО ЗАКОНОДАВСТВО**
3. **ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ**
4. **ЛИСТА НА ЧЛЕНОВИ НА РАБОТНА ГРУПА ЗА ПОДГОТОВКА НА НАП**

**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ**

| | |
|---|---|
| АОПЗ | Агенцијата за остварување на правата на заедниците |
| АСЈО | Академијата за судии и јавни обвинители |
| ДИТ | Државен инспекторат за труд |
| ЕКВИНЕТ | Европска мрежа на телата за еднаквост |
| ЕЛС | Единици на локална самоуправа |
| ЗСЗД | Законот за спречување и заштита од дискриминација |
| КЗД | Комисијата за заштита од дискриминација |
| МВР | Министерството за внатрешни работи |
| МЗ | Министерството за здравство |
| МИОА | Министерството за информатичко општество и администрација |
| МНР | Министерство за надворешни работи |
| МОН | Министерството за образование и наука |
| МП | Министерство за правда |
| МТСП | Министерството за труд и социјална политика |
| НАП | Национален акциски план |
| НП | Народниот правобранител |
| ОБСЕ | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| ССРД | Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, |
| ЦУК | Центар за управување со кризи |

**ВОВЕД**

Дискриминацијата, во поголема или помала мера, е присутна во сите држави. Значајна компонента во борбата со дискриминацијата претставува донесувањето на законската регулатива за заштита од дискриминација и, воедно, создавањето на механизми за заштита од дискриминација, што ќе обезбедат примена на оваа регулатива.

Со цел, спречување и заштита од дискриминација, секоја држава има обврска и одговорност да создаде услови за заштита на сите оние кои се жртви, или можат да станат жртви на дискриминциски активности. Телата за еднаквост во сите држави се исклучително важни за спроведување на антидискриминациското законодавство со улогата што треба да ја имаат во поддршката на жртвите на дискриминацијата, со давањето насоки и препораки на јавните и приватните субјекти, на другите учесници и на јавноста, во врска со правата од недискриминација, постигнување на еднаквост, подигање на свеста за концептот на недискриминација, преку спроведување на анкети и истражувања за дискриминацијата и за начините како може да се намали таа.

Република Македонија, има воспоставено различни институционални механизми кои може да се користат во случаите на дискриминација. Во согласност со националната законска регулатива во Република Македонија, постојат повеќе институции и тела каде што сите физички и правни лица кои се дискриминирани, односно се доведени во нееднаква положба, можат да се обратат и да побараат заштита. Од вонсудските органи би ги навеле: Народниот правобранител на Република Македонија, Комисијата за заштита од дискриминација, Застапникот за утврдување на нееднаков третман на жените и мажите.

Судската заштита од дискриминација граѓаните можат да ја остварат пред Уставниот суд на Република Македонија, Управниот суд на Република Македонија и основните судови - граѓански и кривични.

## 1. СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ ОД ОБЛАСТА НА НЕДИСКРИМИНАЦИЈАТА

Со цел унапредување на статусот на најранливите категории граѓани во Република Македонија и обезбедување на континуиран развој во остварувањето на еднаквоста и на недискриминацијата, Владата на Република Македонија, во мај 2012 година, ја донесе Националната стратегија за еднаквост и за недискриминација, по основа на ментална и телесна попреченост, етничка припадност, возраст и пол, временски лоцирана за периодот 2012-2015 година. Со донесувањето на овој стратешки документ, се прави напор да се обединат сите ставови, активности и ресурси во кохерентна рамка и единствен приод за одржлив развој, унапредување на човековите права и воспоставување на еднакви можности. Основата на оваа стратегија е Договорот за асоцијација и стабилизација со Европската унија, обврските кои произлегуваат од процесот на европската интеграција и приспособувањето и приближувањето на законодавството на Република Македонија кон законодавството на Европската унија, како и другите преземени меѓународни обврски. Националната стратегија се фокусира на четири основи на дискриминација: ментална и телесна попреченост, етничка припадност, возраст и пол, преточени во стратешки цели и активности за спроведување, индикатори и одговорни страни за спроведување на истата.

Основна цел на Стратегијата е да обезбеди континуиран развој во реализацијата на правото на еднаквост и создавањето на еднаквите можности.

Стратегијата утврдува 3 општи стратешки цели: а) унапредување на правната рамка за еднакви можности и недискриминација; б) зајакнување на капацитетите на институционалните механизми за спречување и заштита од дискриминација и промовирање на еднаквите можности; и в) подигање на јавната свест за препознавање на формите на дискриминација и јакнење на свеста за промовирање на концептот на недискриминација и еднакви можности.

За операционализација на Стратегијата, изготвен е Оперативен акциски план за имплементација на Националната стратегија за еднакви можности и недискриминација, по основа на етничка припадност, возраст, ментална и телесна попреченост и пол 2012 - 2015 година. Оперативниот акциски план ги дефинира целите, мерките, активностите, носителите и индикаторите за 2012-2013 година, со прогнози за мерки и активности и за 2014-2015 година.

Во согласност со Методологијата за оцена на спроведувањето на регулативата, усвоена од страна на Владата на Република Македонија на 19.3.2013 година, Министерството за труд и социјална политика, со поддршка на Мисијата на ОБСЕ

во Скопје, спроведе оцена на процесот на спроведувањето (ex-post евулација) на Законот за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД)[1].

Со оваа оцена се утврди постоење на солидна институционална рамка за спроведување на Законот за спречување и заштита од дискриминација , повеќестраност и определен степен на усогласеност на активностите, но и недостаток на Акциски план за спроведување на Законот за спречување и заштита од дискриминација со јасно дефинирани цели и индикатори на успешност, што претставувало еден од главните ограничувачки фактори на оцената.

## 2. ЗАКОН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Со Законот за спречување и заштита од дискриминација, се воспостави единствена правна рамка која ги регулира прашањата поврзани со обезбедување на еднаков третман и недискриминација, преку институционален систем со воспоставени механизми за заштита од дискриминација. Имено, Законот обезбедува спречување и заштита од дискриминација од кое било лице, група на лица, државни органи, органи на единицата на локалната самоуправа, правни лица со правни јавни овластувања и правни лица во граѓанската, политичката, економската, општествената и културната сфера, како и во областа на вработувањето, образованието, домувањето и пристапот кон стоки и услуги. Со овој Закон, покрај воспоставувањето на правна рамка која ги регулира прашањата поврзани со обезбедување на еднаков третман и недискриминација, истовремено се воспостави и институционален систем, вклучувајќи механизми и правни средства за процесирање на поединечни случаи на дискриминација.

Со членот 3 од овој Закон, покрај наведените дискриминациски основи, како што се: *пол*, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, друго уверување, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална и телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус и здравствена состојба, предвидува и отворена листа на основи, односно „или која била друга основа“. Законот ги забранува сите форми на дискриминација, вклучувајќи ја директната и индиректната дискриминација (член 6), вознемирувањето (член 7), инструкцијата за дискриминација (член 9) и виктимизацијата (член 10), извршени од страна на физички и правни лица, како во јавниот така и во приватниот сектор. Исто така, Законот предвидува потешки облици на дискриминација, како што се: повеќекратната дискриминација (направена кон одредено лице по повеќе дискриминациски основи), повторена дискриминација и продолжена дискриминација (членот 12). Имајќи ја предвид состојбата во државата, Законот за спречување и заштита од дискриминација

[1] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 50 од 13.4.2010.

предвидува широк спектар на исклучоци од дискриминација, групирани во три категории, т.е. афирмативните мерки, заштитните механизми за посебни категории на лица и нееднаквото постапување. [2]

Комисијата за заштита од дискриминација, е тело за еднаквост чија цел е борба против дискриминацијата и остварување на правото на еднаквост. Комисијата за заштита од дискриминација е предвидена како независен, самостоен орган, во согласност со Законот која има надлежност, како во јавниот така и во приватниот сектор. Во согласност со членот 24 од овој Закон, Комисијата за заштита од дискриминација има широки надлежности, со цел промовирање на еднаквоста и спречување на дискриминацијата врз дискриминациските основи, дадени во Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Во согласност со Законот, секое лице кое смета дека е жртва на дискриминација, може да поднесе претставка до Комисијата за заштита од дискриминација и по утврдување на фактичката состојба Комисијата дава мислење за наводната дискриминација во рок од 90 дена од денот на поднесувањето на претставката и за тоа го известува поднесувачот и лицето против кое е поднесена истата.

Сепак, одредбите за заштита од дискриминација, кои се наоѓаат во посебните закони, немаат усогласен пристап кон клучните прашања на недискриминацијата. Во таа насока, потребно е усогласување на дефиницијата на дискриминација со Законот за спречување и заштита од дискриминација, дефинирањето на видовите на дискриминација, листите на дискриминациските основи, како и на терминологијата која се употребува. Токму поради ова, потребно е да се спроведат конкретни анализи и усогласување на Законот за спречување и заштита од дискриминација со постојната законска регулатива во различни области.

[2] Водич за улогата на Комисијата за заштита од дискриминација во судска постапка и за применување на товарот на докажување во случаи на дискриминација, ОБСЕ, 2013.

## 3. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ

### НАЦИОНАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Основна цел на Националниот акциски план за спроведување на Законот за спречување и заштита од дискриминација, е да овозможи ефикасна имплементација на Законот за спречување и заштита од дискриминација во обезбедувањето на неговите две главни функции, односно да придонесе кон: спречување на дискриминација и заштита од дискриминација.

Акцискиот план има за цел да овозможи конкретни задачи и активности на подолг период од 5 години, за унапредување на целите и спроведувањето на мерките, очекуваните резултати, како и квалитативните и квантитативните индикатори за постигнатиот успех.

Истиот е подготвен како резултат на интересите и приоритетите на Република Македонија, за ефикасно и целосно да се придружи кон активностите на меѓународната јавност во борбата против дискриминацијата.

Со Националниот акциски план, се дефинираат општите и посебните цели, активностите, очекуваните резултати, индикаторите за мерење на успешноста на реализацијата и мониторинг и евалуација за реализирање на Националниот акциски план.

Спроведувањето на Националниот акциски план е примарна одговорност на Владата на Република Македонија и на сите институции дефинирани со Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Министерството за труд и социјална политика и Комисијата за заштита од дискриминација, Министерството за правда, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за информатичко општество и администрација, Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, Агенцијата за остварување на правата на малите етнички заедници, Министерството за транспорт и врски, Народниот правобранител, Академијата за судии и јавни обвинители, ЗГМНР, Министерството за внатрешни работи, и Центарот за управување со кризи се клучни институции за имплементација на Националниот акциски план. Во имплементацијата на Националниот акциски план, ќе се вклучат експерти и претставници на граѓанскиот сектор.

Акцискиот план е изготвен преку тематски работни групи, поддржани од Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Министерството за труд и социјална политика.

Тргнувајки од фундаменталните цели на Законот, а тоа се спречувањето и заштитата од дискриминација, Националниот акциски план е структуриран во две генерални стартешки цели:

1. Имплементација на превентивната улога на Законот за спречување и заштита од дискриминација /спречување на дискриминација; и
2. Имплементација на заштитната улога/функција на Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Првата стратешка цел опфаќа активности кои се насочени кон подигање на свеста за концептот на дискриминација, преку одржување на обуки, кампањи, тркалезни маси, потоа специјализирани обуки за определени институции, подобрена комуникација меѓу институциите на национално и на локално ниво, изработка на анализи и истражувања, кои ке бидат индикатори за состојбата во државата, детектирање на полињата и групите на граѓани каде што најчесто е застапена дискриминацијата и преземање на превентивни мерки и активности за намалување или спречување на истите. Во насока на подобра координација и следење на спроведувањето на активностите предвидени во Акцискиот план, ќе се воспостави координативно тело со претставници од сите релевантни институции. Надлежностите на координативното тело ќе бидат прецизирани со Деловник за работа.

Заштитната функција, која е опфатена со Стратешката цел 2, ќе се зајакне преку преземање на конкретни активности и мерки од страна на специјализирани тела, судските органи и други надлежни институции, а особено преку овозможување на полесен пристап на граѓаните до овие тела. Давање на стручна помош, изготвување на обрасци кои ќе бидат лесно достапни на сите категории на граѓани, а особено кои ќе бидат јасни и прецизни и едноставни за пополнување. Изготвување на примероци за тужби за дискриминација кои ќе им овозможат на адвокатите, како и на други правни лица (здруженија на граѓани, стручни тела), полесно да изготват иницијални акти со дефинирање на сите конститутивни елементи на дискриминација и презентирање на потребните факти и докази, а кои пред сè ќе им олеснат на судовите за утврдување на фактичката состојба и за утврдување на дискриминацијата.

Овој Акциски план несомнено ќе придонесе за давање на јасни и прецизни насоки и активности на надлежните институции, специјализираните тела за заштита од дискриминација, а секако и на сите граѓани, со цел да се заштитат од дискриминација, но и да добијат соодветна заштита од судските и вонсудските органи.

**Национален акциски план за спроведување на Законот за спречување и заштита од дискриминација 2015-2020**

| **Стратешка цел 1 (општа цел)** | **Имплементација на превентивната улога на ЗСЗД/превенција и спречување од дискриминација** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Посебни цели** | **Очекуван резултат** | **Активности** | **Индикатор** | **Надлежна институција** |
| Зајакнување на меѓуинституционалната соработка на национално и локално ниво во областа на недискриминацијата | Подобрена координација и соработка помеѓу институциите на централно и локално ниво за имплементација на ЗСЗД | - Формирање на координативно тело од надлежни институции за спроведување на Законот;<br>- Одржување на координативни состаноци<br>- Изработка на образец за известување, како алатка за добивање на информации и податоци<br>- Изработка на годишен извештај за спроведување на НАП. | - Формирана работна група<br>- Број на одржани состаноци<br>- Изработени обрасци за известување<br>- Годишни извештаи | МТСП<br>КСЗД<br>НП<br>ССРД<br>АОПЗ<br>АСЈО<br>МП<br>МЗ<br>МОН<br>МИОА<br>Државниот инспекторат за градежниште и урбанизам<br>ДИТ<br>Социјални партнери |
| | | - Унапредување на систем на соработка<br>- Одржување на состаноци<br>- Одржување на работилници<br>- Реализирање на заеднички активности | - Број на одржани состаноци<br>- Број на одржани работилници<br>- Реализирани заеднички активности | |
| | Усвоена Стратегија за еднаквост и недискриминација (2016 – 2020) . | - Евалуација на Стратегијата 2012-2015 и изработка на Стратегија за еднаквост и недискриминација (2016 – 2020). | - Евалуација на Стратегијата 2012-2015<br>- Стратегија за еднаквост и недискриминација (2016 – 2020) | |
| Усогласување на националното законодавство со ЗСЗД и меѓународните антидискриминациски стандарди | Утврдување на степенот на усогласеност на националното законодавство со | - Анализи за усогласеноста на законската регулатива во РМ со ЗСЗД | - Број на изготвени анализи | МТСП<br>КСЗД<br>НП<br>ССРД<br>АОПЗ |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ЗСЗД и меѓународните стандарди | | | АСЈО<br>МП<br>МЗ<br>МОН<br>МИОА<br>ДИТ<br>Социјални партнери<br>Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам |
| | Усогласено национално законодавство | - Иницијативи за измени и дополнување на националното законодавство | - Број на иницијативи<br>- Број на усогласени закони | МТСП<br>МП<br>МЗ<br>МОН<br>МИОА |
| Зајакнување на капацитетите за промовирење на концептот на недискриминација | Зајакнати капацитети за промовирање на концептот за недискриминација и спречување на дискриминација | - Анализа на потреби од обуки и подготовка на програми за обука за различни целни групи. | - Број на изготвени анализи на потреба од обуки<br>- Број на подготвени програми за обуки | МТСП<br>КСЗД<br>НП<br>ССРД<br>АОПЗ<br>АСЈО<br>МП<br>МЗ<br>МОН<br>МИОА<br>Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам<br>ДИТ<br>ЕЛС |
| | | - Реализирање на основни и специјализирани обуки за вработените во државните и јавните институции на национално и локално ниво, социјалните партнери и граѓанскиот сектор за препознавање на дискриминацијата, како и расположливите заштитни механизми | - Број на спроведени основни и специјализирани обуки<br>- Број на обучени лица | |
| | | - Реализирање на основни и специјализирани обуки со социјалните партнери и граѓанскиот сектор за препознавање на дискриминацијата, | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | како и расположливите заштитни механизми | | Социјални партнери |
| | | Реализирање на обуки за наставниците и вработените во предучилишните установи за подигање на свеста и препознавање на концептот за недискриминација | - Број на спроведени обуки<br>- Број на обучени лица | МТСП<br>КСЗД<br>МОН |
| | | Обуки за државни инспекторати | - број на спроведени обуки<br>- Број на обучени лица | МТСП<br>КСЗД<br>АСЈО |
| | | Обуки за студентите на факултетите | - Број на обучени лица<br>- Бброј на спроведени обуки | МТСП<br>КСЗД<br>МОН<br>Социјални партнери |
| Подигање на јавната свест за препознавање на облиците на дискриминација и промовирање на концептот на недискриминација и еднакви можности | Зголемена информираност и препознавање на дискриминацијата во сите сфери на општественото живеење | Организирање на кампањи, трибини, јавни настапи, информации до јавноста, соопштенија, објавување на мислењата на Комисијата за подигање на јавната свест | - Број на спроведени кампањи<br>- Број на одржани трибини<br>- Број на јавни настапи<br>- Број на печатени и дистрибуирани информативно, промотивни материјали | МТСП<br>КСЗД<br>НП<br>ССРД<br>АОПЗ<br>АСЈО<br>МП<br>МЗ<br>МОН<br>МИОА<br>ДИТ<br>ЕЛС<br>Социјални партнери |
| | | - Истражувања за постоење на дискриминација во државниот и јавниот сектор при испорака на услуги за граѓаните | - Спроведено истражување<br>- Дистрибуирани препораки | МТСП во соработка со надлежни |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | институции |
| | | - Анализа за олеснување на пристапот на жените од руралните подрачја до загарантираната здравствена заштита | - Спроведена анализа<br>- Ддистрибуирани препораки | МТСП во соработка со МЗ, ЕЛС и Социјални партнери |
| | | - Анализа за олеснување на пристапот на жените Ромки до загарантираната здравствена заштита | - Спроведена анализа<br>- Дистрибуирани препораки | МТСП во соработка со МЗ, ЕЛС и Социјални партнери |
| | | - Истражување за застапеноста на дискриминацијата во врска со Законот за работни односи и одредбите за родителство, раѓање и мајчинство во јавниот и приватниот сектор | - Спроведено истражување<br>- Дистрибуирани препораки | МТСП во соработка со надлежни институции |
| | | - Истражувања за дискриминацијата во социјалната заштита и детектирање на родовите и етничките потреби и интереси на корисниците | - Спроведено истражување<br>- Дистрибуирани препораки | МТСП во соработка со ЦСР и Социјални партнери |
| | | - Истражувања за тенденции и феномени за дискриминацијата во општеството | - Број на истражувања<br>- Дистрибуирани истражувања | КЗД |
| | | - Истражување за движењето на учениците во основните и средните училишта во коишто влегуваат испишаните ученици и оние кои го напуштиле образованието во Република Македонија, по пол и етничка припадност | - Број на истражувања<br>- Дистрибуирани истражувања | МОН во соработка со МВР, МЗ, МНР |
| | | | | |

| **Стратешка цел 2** | **Имплементација на заштитната улога/ функција на ЗСЗД** | | | |
|---|---|---|---|---|
| Јакнење на капацитетите на заштитни механизми од дискриминација, АСЈО и судовите | Зајакнати капацитети на заштитни механизми од дискриминација, АСЈО и судовите | Специјалнизаирани обуки, студиски посети, конференции и сл. | - Број на спроведени обуки<br>- Број на обучени лица<br>- Број на студиски посети<br>- Број на учество на конференции | КЗД<br>НП<br>АСЈО |
| | | Воспоставување и оперативно функционирање на стручно административната служба на КЗД | - Број на лица во стручната административна служба<br>- Број на обработени предмети<br>- Број на примени странки | КЗД |
| | | Изработка на правни анализи и практични алатки во случаи на заштита од дискриминација | - Број на правни анализа<br>- Практични алатки | КЗД, АСЈО, МТСП и Социјални партнери |
| | | Коментар на ЗСЗД | - Изготвен коментар | КЗД<br>АСЈО |
| | | Учество на КЗД во судски постапки како замешувач | - Број на судски постапки во кои е вклучена КЗД | КЗД<br>АСЈО |
| | | Специјализирани обуки за правни практичари за поднесување на заедничка тужба и *actio popularis* за сторена дискриминација | -Број на спроведени обуки<br>-Број на обучени лица | КЗД<br>АСЈО |
| Стандардизација на работењето на КЗД | Зголемување на ефикасноста и професионалноста на КЗД | Изготвување на збир на документи/ обрасци и формулари за претставки, мислења и форма на комуникација со подносителите на претставки | - Број и вид на формулари/обрасци<br>- Образец за претставка за заштита од дискриминација<br>- Мислење за дискриминација со препорака. | КЗД |
| | | Креирање на дата база на КЗД | - Број на внесени податоци | КЗД |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Изготвување на процедури за следење на реализацијата на препораките од КЗД | - Процедури за следење на реализацијата на препораките од КЗД<br>- Број на спроведени постапки по процедури | КЗД |
| Меѓународна соработка со соодветни тела за еднаквост на други држави и меѓународни организации | Размена на искуства и добри практики | Реализирање на билатерални средби, меѓународни конференции и студиски посети и членство во ЕКВИНЕТ | - Број на билатерални средби<br>- Број на меѓународни конференции<br>- Број на студиски посети | КЗД<br>НП<br>АСЈО<br>МТСП |

**ЛИСТА НА ЧЛЕНОВИ НА РАБОТНА ГРУПА ЗА ПОДГОТОВКА НА НАП**

1. Атанас Георгиевски, Академија за обука на судии и јавни обвинители
2. Атула Касуми, Секретаријат за спроведување на рамковен договор
3. Душко Миновски, Комисија за заштита од дискриминација
4. Дана Бискоска, Министерство за образование и наука
5. Ѓултен Мустафова, Министерство за труд и социјална политика
6. Емилија Андовска, МОН – Биро за развој на образование
7. Зоран Михајлоски, Апелационен суд
8. Ирена Оровчанец, Агенција за остварување на правата на заедниците
9. Јован Ананиев, Комисија за заштита од дискриминација
10. Лидија Каначковиќ, Судски Совет на РМ
11. Марија Петрушевска, Министерство за транспорт и врски
12. Маријан Понавиќ, Народен правобранител
13. Нермина Факовиќ, Министерство за здравство
14. Сања Јанчева, Министерство за образование и наука
15. Светлана Цветковска, Министерство за труд и социјална политика

**Јасмина Иванова и Ленче Коцевска, ангажирани се како експерти од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Жанета Попоска учествуваше како претсваник на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.**